›

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 12, година L
Среда, 31.07.2019
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Платформата за ракометна Битола поднесена од Ракометен клуб ЕУРОФАРМ Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Платформата за ракометна Битола поднесена од Ракометен клуб ЕУРОФАРМ Битола, донесен на седницата на Советот на општината Битола одржана на 30.07.2019 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-614/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК
31.07.2019 год. | на Општината Битола,
Б и т о л а | м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.07.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Платформата за ракометна Битола поднесена од Ракометен клуб ЕУРОФАРМ Битола**

1. СЕ УСВОЈУВА Платформата за ракометна Битола поднесена од Ракометен клуб ЕУРОФАРМ Битола со следните заклучоци:

– РК Еурофарм Работник купува 75% од акците на РК „Пелистер“ согласно законската регулатива на Р.М.

– Акционерскиот влог во РК Пелистер да биде: 75% на РК Еурофарм Работник и 25 % на Општина Битола.

– Општина Битола да купи 25% од акците на РК Еурофарм Работник согласно законската регулатива на Р.М.

– Во двата клуба составен дел од името ќе биде Пелистер.

– Општина Битола годишно ќе издвојува по 15.000.000 денари за финансирање на двата клуба.

– РК Еурофарм Работник годишно ќе издвојува најмалку 45.000.000 денари за финансирање на двата клуба.

– Вкупниот буџет на двата клубови би бил најмалку 60.000.000 денари.

– РК Еурофарм Пелистер во тековната сезона ќе настапува во плаво бели дресови на кој ќе биде сегашниот грб на РК Пелистер, додека следните сезони РК Еурофарм Пелистер ќе ги користи плаво белиот и зелено белиот дрес.

– Режиските трошоци за одржување во спортската сала „Боро Чурлевски“ би се делел пропорционално, согласно со

акционерскиот удел помеѓу Општина Битола и мнозинскиот сопственик.

– Двата клуба без надоместок ќе ја користат спортската сала „Боро Чурлевски“.

– Остатокот од предлозите на РК Еурофарм кои не се во колизија со овие предлози се прифатливи.

– Општина Битола за реализација на постигнатиот договор ќе изврши соодветна измена на програмите и актите кои се однесуваат на оваа проблематика.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-105/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.07.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Платформата
за ракометна Битола поднесена од Ракометен
клуб ЕУРОФАРМ Битола ...................................... 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211